РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-2139/1
04-06-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 32-рата седница одржана на 22.05.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-2872/1 од 08.11.2024 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за јавна набавка спроведена од страна на Агенцијата за лекови и медицински средства, за потребите на пациентите на ЈЗУ ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување а предметот ќе го достави на надлежно постапување на друг надлежен орган – Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-2872/1 од 08.11.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 08.11.2024 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за јавна набавка спроведена од страна на Агенцијата за лекови и медицински средства, за потребите на пациентите на ЈЗУ ///, и оформен е предмет број 12-2872/1 од 08.11.2024 година.
Со Службена белешка за спојување на предмети (бр.12-2872/2 од 31.12.2024 година) кон предметот со број 12-2872/1 од 08.11.2024 година споен е предметот со број 12-2925/1 од 12.11.2024 година, оформен по пријава со наводи кои се идентични со наводите од пријавата по која е оформен предметот број 12-2872/1 од 08.11.2024 година.
Предметните наводи се однесуваат на постапката за јавна набавка на /// спроведена од страна на Агенцијата за лекови и медицински средства, за потребите на пациентите на ЈЗУ ///. Во пријавата е изразено сомневање дека изборот на понудата на

економскиот оператор /// бил договорен помеѓу раководството на Агенцијата за лекови и медицински средства и раководството на ///.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за доставување податоци и информации до Агенцијата за лекови и медицински средства, до Бирото за јавни набавки, до ЈЗУ ///, до Комисијата за заштита на конкуренцијата и до Државниот завод за ревизија.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:

Во членот 5 точка 23-е од Законот за лековите и медицинските средства е уредено дека надлежност на Агенцијата е од сопствени средства да спроведува постапка за јавна набавка на лекови кои не се наоѓаат на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување, на барање на Министерството за здравство и на начин утврден од министерот за здравство.

Огласот број /// од /// година, за јавна набавка на /// за потребите на ЈЗУ ///, од страна на Агенцијата за лекови и медицински средства бил објавен на /// година, како оглас за делива набавка од 3 дела (посебен дел за лекот ///, дел за лекот /// и дел за лекот ///), со електронска аукција и краен рок за достава на понуди 25.10.2023 година.
Според Одлуката за јавна набавка, за оваа набавка биле утврдени средства во износ од /// денари со ДДВ. Иако од предметот на набавката - /// потреба има ЈЗУ ///, според образложението доставено од ///, од 2018 година, по иницијатива на тогашниот министер за здравство ///, истиот се набавува од страна на Агенцијата за лекови и медицински средства, како компромисно решение со цел да се задоволи нерегулираната медицинска потреба на пациентите со ///, бидејќи предметот на набавката не е на позитивната листа на лекови на ФЗОРСМ, а /// нема добиено средства за оваа набавка, ниту во редовен ниту во условен буџет.
Имено, при сите спроведени постапки за јавна набавка на ///, вклучително и при спроведувањето на постапката по огласот со број /// од /// година, ЈЗУ /// до Министерството за здравство и до Агенцијата доставува барање за спроведување на набавка, при што Министерството проследува допис до Агенцијата со кој допис дозволува и одобрува Агенцијата да ја спроведе набавката врз основа на спецификација добиена од ///, којашто е изработена од /// по утврдување на потребите на пациентите.

Во однос на предметната јавна набавка (оглас број /// од /// година), ЈЗУ /// ја утврдила потребата од набавка на лековите (во јули 2023 година /// располагала со уште /// а од лекот ///сите количини веќе биле потрошени и пациентите биле без терапија), по што се обратила до Министерството за здравство и до Агенцијата за лекови и медицински средства, со барање за спроведување јавна набавка на /// во /// година. Првичното барање на /// било повлечено, по што следеле нови барања, со променета јачина на лекот ///. Освен за промена на јачината на лекот, /// повеќекратно се обраќала до Агенцијата со барање корекции на барањето за спроведување постапка за јавна набавка, заради промена на количините на лековите. Промената на јачината на лекот /// ја образложува со направен превид во првичната верзија – наведување на нерегистрирана дозажна форма на лекот ///, а промената на количините – со потреба од приспособување на количините планирани за една година на средствата со кои Агенцијата располага, а кои покривале количини само за девет месеци.

Во Записникот од отворање на понудите Комисијата за јавни набавки составена од три члена, меѓу кои и лице за јавни набавки номинирано од ///, утврдила дека се пристигнати следните понуди:

- за Дел 1 – /// со вкупна цена на понуда од 7,589.120 МКД без ДДВ
- за Дел 2 – /// со вкупна цена на понуда од 1,823.940 МКД без ДДВ и /// со вкупна цена на понуда од 1,823.400 МКД без ДДВ
- за Дел 3 - /// со вкупна цена на понуда од 6,656.640 МКД без ДДВ и /// со вкупна цена на понуда од 6,656.640 МКД без ДДВ

По спроведување на електронската аукција била донесена Одлука за избор на најповолна понуда (бр./// од /// година): за Дел 1 бил избран единствениот понудувач ///, со кого на /// година Агенцијата склучила договор во вкупна вредност од 7,968.576 денари, за набавка на лекот /// (///); за Дел 2 и Дел 3 Агенцијата склучила договор со понудувачот ///, за набавка на лекот /// во вкупна вредност од 1,687.770 денари (///) и набавка на лекот /// во вкупна вредност од 6,455.862 денари (///), или вкупна вредност за Дел 2 и Дел 3 од 8,143.632 денари.

Преземањето на предметот на јавната набавка било уредено со Меморандум за соработка (бр./// од /// година), склучен помеѓу Агенцијата за лекови и медицински средства и ЈЗУ ///. Според овој Меморандум, Агенцијата за лекови и медицински средства е согласна врз основа на писмено барање од страна на ЈЗУ ///, сукцесивно и согласно потребите на ///, да се изврши нарачка од носителите на набавката, на лековите: /// (///), /// (///) и /// (///). Во Меморандумот не се содржани одредби со кои е уредено нарачување и преземање на дозажните форми на лекот /// од ///mg и од

///mg, иако тие се содржани во тендерската документација, во понудите од економските оператори и во Одлуката за избор на најповолна понуда и се предмет на склучените договори со носителите на набавката. Во текот на спроведувањето на постапката за јавна набавка поставено е прашање кое се однесува на различните дозажни форми на лекот со кое образложено се сугерира дефинирање на јачината со помалите предложени дози, на кое Агенцијата има одговорено дека Министерството за здравство и ///, до кои прашањето било препратено, потврдиле дека во огласот е потребно да останат двете јачини, во интерес на запазување на конкурентноста при објавувањето на јавната набавка.

Со Меморандумот е уредено дека квантитативниот прием на лековите ќе се врши со документ потпишан од овластени лица од ЈЗУ ///, овластено лице од носителите на набавката и лице задолжено за реализација на набавката од Агенцијата за лекови и медицински средства. Во текот на постапувањето по предметот ДКСК нема извршено увид во документација поврзана со фактичкото примопредавање на предметот на набавката.

Во текот на постапувањето по предметот ДКСК се обрати и до Комисијата за заштита на конкуренцијата од која побара да достави стручно мислење за повеќе аспекти на јавната набавка по оглас број /// од /// година, согласно нејзините надлежности.

Постапувајќи по барањето на ДКСК, во однос на тоа дали конкретно претпријатие во смисла на предметот на набавката има доминантна позиција на пазарот, за која позиција, со оглед на содржината на тендерската документација, произлегува ризик да биде злоупотребена, Комисијата за заштита на конкуренцијата има утврдено дека во /// година, кога е спроведена постапката, избраниот економски оператор /// имал доминантна позиција на пазарот за продажба на лекот /// (Дел 1 од набавката), при што Комисијата нотирала дека цената на тој лек е регулирана од Министерството за здравство, при што операторите можат лековите да ги нудат по пониски цени, а избраниот оператор /// го понудил лекот по цена којашто била пониска од регулираната. Во /// година лекот /// бил регистриран од тројца производители, поради што Комисијата дала мислење дека немало економски оператор со доминантна позиција во однос на понудата на овој лек.
Во однос на тоа дали обврската за доставување на ставките од придружната документација доведува во поповолна положба одреден економски оператор односно ја ограничува конкуренцијата на пазарот и дали од содржината на тендерската документација произлегуваат ризици за забранети облици за спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата, Комисијата утврдила дека

Агенцијата за лекови и медицински средства, при утврдувањето на критериумите во јавната набавка, се водела од релевантните законски и подзаконски акти, и дека не е невообичаено во конкретната област да се бараат условите кои биле барани со предметната јавна набавка.

Во текот на постапувањето по предметот ДКСК утврди дека Државниот завод за ревизија нема извршено ревизија на Агенцијата за лекови и медицински средства во која е опфатена постапката за јавна набавка по огласот со број /// објавен на /// година спроведена од страна на Агенцијата за лекови и медицински средства.

Врз основа на фактичката состојба, ДКСК ги утврди следните околности поврзани со постапката за јавна набавка по огласот број /// од /// година на Агенцијата за лекови и медицински средства, за кои оцени дека би можеле да упатуваат на ризик од корупција:

- Повеќекратните промени на иницијалното барање за јавна набавка доставено од ЈЗУ /// до Министерството за здравство и до Агенцијата за лекови и медицински средства, поради промената во дозажните форми на предметот на набавката за кои не се презентирани одделни количини и поради промената во количините на предметот на набавката ДКСК ги цени како слабости во планирањето на јавната набавка, кои би можеле да упатуваат на ризик од корупција.
- Во Меморандумот за соработка (бр./// од /// година), склучен помеѓу Агенцијата за лекови и медицински средства и ЈЗУ /// не се содржани одредби со кои е уредено преземање на дозажните форми на лекот /// од ///mg и од ///mg, иако тие се содржани во тендерската документација, во понудите од економските оператори и во Одлуката за избор на најповолна понуда и се предмет на склучените договори со носителите на набавката. Притоа, биле предмет на постапката со образложение дека тоа е во интерес на запазување на конкурентноста. ДКСК цени дека опишаните околности би можеле да упатуваат на ризик од корупција.
- Комисијата за заштита на конкуренцијата во мислењето доставено до ДКСК (бр./// од /// година) има наведено дека за лековите кои биле предмет на јавната набавка Министерството за здравство одредува регулирана цена, и тоа цена во прометот на големо и малопродажна цена, при што цената во прометот на големо е цената по која веледрогериите ги продаваат лековите, а во постапки за јавни набавки може да биде понудена пониска цена од регулираната. Фактичката состојба упатува на тоа дека за Дел 2 едниот понудувач понудил цена којашто е еднаква на регулираната, а другиот – цена којашто е за 0,3 денари

ДКСК — KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

пониска од регулираната, додека за Дел 3 и двата понудувачи понудиле цена еднаква на регулираната. И за Дел 2 и за Дел 3 цената на иницијалните понуди била намалена на електронската аукција. ДКСК цени дека опишаните околности би можеле да упатуваат на ризик од корупција.

- Според образложението на ///, при спроведување на постапка за јавна набавка на ///, во сите комисии за јавна набавка од 2021 година, како претставник на /// номинира исто лице, со образложение дека ова лице има валиден сертификат за јавни набавки. Од добиената документација во текот на постапувањето по предметот не може да се утврди улогата на ова лице во фазата на планирање на постапката за јавна набавка или во подготовката на тендерската документација и техничките спецификации.

Имајќи ја предвид утврдената фактичка состојба како и погоре наведените околности за кои ДКСК оцени дека би можеле да упатуваат на ризик од корупција, а воедно, имајќи ја предвид потребата од соодветна експертиза поврзана со предметот на набавката, во отсуство на други расположливи механизми за целосно утврдување на фактичката состојба во однос на пријавените наводи, ДКСК констатира дека постојат услови предметот да го достави на натамошно постапување на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: S.D., член/anëtar